Врз основа на член 384 став 2 точка 1, а во врска со член 408 став 1 точка 11 и член 480 од Законот за трговските друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година**, на својата седница одржана на **09.05.2016 година**, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за усвојување на Годишниот извештај за работата за деловната 2015 година**

1. Се усвојува **Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2015 година**, со вклучена актуарска потврда изготвена од страна на овластениот актуар, во текст и содржина, кој е составен дел на оваа Одлука.

2. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

3. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

4. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

_________________________________
**Татјана Димов**

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk